# Тродимензионална епиграфија

## Charlotte Roueché, Aphrodisias in Late Antiquity: The Late Roman and Byzantine Inscriptions, revised second edition, 2004

Елена Џукеска
Философски факултет
Институт за класични студии, Скопје
dzukeska@yahoo.com

Предмет на овој приказ е второто, проширено и ревидирано издание на натписите од Афродитово, подготвено од Шарлот Руше (Charlotte Roueché) (првото издание е објавено во печатена форма во 1989 во Лондон), освен натписот бр. 1 кој е обработен од Џојси Рејнолдс (Joyce Reynolds). Веб сајтот на кој е поставено ова издание е дело на Габриел Бодар (Gabriel Bodard) и Пол Спенс (Paul Spence).

Објавувањето натписи на интернет не е веќе ништо ново. Во последниве десетина години, изработени се повеќе сајтови на кои се поставуваат грчки и латински натписи. Но, сите тие претставуваат главно датотеки, од кои може да се извлече само текстот на натписот со минимални придружни информации за местото на наоѓање и хронологијата.

Сајтот на кој се поставени натписите од Афродитово, пак е многу повеќе од датотека, не само заради квалитетот и квантитетот на информациите што ги содржи, туку пред сé заради тоа што има формат на електронска книга. Таа покрај текстовите од самите натписи го содржи севкупниот критички апарат што треба да го има едно епиграфско издание, а електронскиот формат прави таа да може да се пребарува и користи на начин на кој не може печатената книга.

Самото издание на натписите е всушност дел од сајтот посветен на проектот врз основа на кој натписите од Афродитово ја добиваат својата електронска форма. Се работи за примена на Epidoc принципите за форматирање на натписи. Epidoc иницијативата стартувана од Том Елиот (Tom Elliott) од Универзитетот во Чапел Хил, Северна Каролина е всушност иницијатива за примена на усогласен и стандардизиран XML формат за епиграфските текстови. Самиот проект е финансиран од Leverhulme Trust, Британската академија и Arts and Humanitites Research Board. Во епиграфската подготовка на натписите покрај Шарлот Руше (Charlotte Roueché) учествуваат Џојси Рејнолдс (Joyce Reynolds), Ангелос Ханиотис (Angelos Chaniotis), Мајкл Крафорд (Michael Crawford) и Бенет Салви (Benet Salway).

Сајтот, покрај информациите за самиот проект и соработниците кои учествуваат во него, содржи и информации за локалитетот Афродитово, линкови до други релевантни сајтови, календар на активности во рамките на проектот (работилници преку кои се дисперзираат и разменуваат искуствата од примената на Epidoc иницијативата), исцрпна библиографија на сите претходни изданија на материјалите

од овој сајт. Посебно интересен е сегментот Notebooks, во кој се презентирани факсмилите од работните белешки на Џон Ганди Диринг (John Gandy Deering), со слики, со коментар и со мал каталог.

Од почетната страница, преку врската публикации може да се дојде до второто ревидирано издание на натписите од Афродитово, подготвено од Шарлот Руше (Charlotte Roueché). Натписите се организирани така, што може да се пребаруваат според број, секција, датум, место на наоѓање, тип на текст и тип на споменик. За секој натпис, покрај основните информации кои се однесуваат на неговиот физички опис, даден е и превод на оригиналниот текст, епиграфски коментар за натписот, фотографии кои го прикажуваат спомеников од сите страни, еден проширен епиграфски, филолошки, историски коментар за текстот, информација за првичната локација на натписот и местото каде што се наоѓа во моментов и на крајот референтни информации за тоа кога е откриен, ако бил објавен претходно, каде е објавен и од каде е преземен текстот.

Во делот насловен како Narrative има еден општ увод за доцноантичката епиграфија и натписите од Афродитово и дополнителни коментари за натписите организирани по секции. Во посебно поглавје Fasti организирани се сите информации за носителите на функции во Афродисијас, кои произлегуваат од натписите. Посебно интересни се поглавјата Letter forms и Monuments, кои содржат дескрипција на типичните форми на буквите и преглед на градбите каде што се најдени натписите. Двете поглавја на соодветен начин се поврзани со линкови до самите натписи, така што на пример кога читаме за буквите веднаш можеме да ги анализираме типичните примери преку фотографиите и преку контекстот на натписите. Ако нè интересира локацијата на натписот веднаш добиваме фотографски документирана претстава не само за тоа каде е најден натписот, туку и како изгледал објектот каде што е најден, и кои други натписи се најдени на истото место. Вакво прелистување на една книга, се разбира не е возможно кога е таа во печатена форма.

Тродимензионалноста на ова електронско издание ја заокружуваат индексите, до кои се доаѓа преку врската Search. Тие се исто така со директни линкови до натписите, односно, до местото каде што се среќава еден збор. Може да се пребарува според повеќе критериуми, грчки зборви, латински зборови, фрагментарни зборови, имиња на луѓе, богови, владетели, топоними, административни единици, теми.

Сајтот содржи и мапи на локалитетот, кои се повторно директно поврзани преку линкови со натписите, а во поглавјето Reference може да се најде листа со кратенки, историјат на откривањето на натписите со библиографија, конкорданс на претходните изданија. Тука е се дадени и информации во врска со електронското форматирање на натписите, што им овозможува сите корисници на сајтот да ги симнуваат текстовите од натписите на начин што им дозволува да ги преформатираат и реорганизираат во согласност со своите потреби.

Второто проширено и ревидирано издание на натписите од Афродитово е навистина едно комплетно и исцрпно епиграфско издание. Тоа е незаменливо помошно средство за работа за сите оние кои се занимаваат со таа проблематика, зашто начинот на кој се организирани информациите во него овозможува секакви видови анализи на текстовите на брз и ефикасен начин. Но, можеби најзначајно е што начинот на кој се

организирани информациите не е само полезен, туку е и убав. Ова издание навистина ги поместува нашите претстави за тоа што е електронско публикување и што е книга и во естетска и во онтолошка смисла.